ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ
Ул. Дебарца бр.2 1000 Скопје
Тел.02/3223-146; 3223-101; 3215-463; 046/789-428
info@tourismmacedonia.gov.mk
www.tourismmacedonia.gov.mk; www.macedonia-timeless.com

# Потпишан договор за соработка меѓу АППТ и Државниот Универзитет "Гоце Делчев"-Штип

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот-АППТ согласно програмските активности за 2014 година ги реализира активностите за поддршка на туризмот со цел збогатување на туристичката понуда и проширување на туристичкиот производ. Туристичкиот производ на Македонија претставува богата комбинација од културно и природно наследство и за успешна реализација на наведените проекти Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот-АППТ започна соработка со Државниот Универзит "Гоце Делчев"-Штип.

Директорот на АППТ, д-р Кристијан Џамбазовски и Деканот на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет "Гоце Делчев"-Штип, проф.д-р Нако Ташков потпишаа договор за соработка. Соработката се состои во делот на реализација на следниве проекти:

- Проект - Обележување на препознатливи производи, локалитети, објекти, настани од значење за туризмот во Р. Македонија
- Проект – Развој на Манастирскиот туризам
- Проект - Евиденција на сите туристички потенцијали во регионите на Р.Македонија

" Потпишување на договор за соработка и реализирање на зацртаните проекти е од големо значење за македонскиот туристички производ, со што се создаваат услови за дефинирање на туристичките брендови карактеристички за Македонија. Македонскиот туристички производ станува се поконкурентен на светскиот пазар и со тоа се зголемува туристичкиот промет во државава. АППТ се води од својата заложба за подобра и поефикасна туристичка понуда како и за континуиран развој, унапредување и афирмација на туризмот, имајќи ги во предвид предностите и економската корист од развојот на оваа гранка"- изјави директорот на АППТ, д-р Кристијан Џамбазовски.

**"**Посебно задоволство претставува фактот што две државни институции потпишаа договор за соработка кој вклучува изработка на проекти во функција на развојот на туризмот во Република Македонија. Овие проекти во иднина треба да донесат конкретни резултати што ќе влијаат на зголемувањето на

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ
Ул. Дебарца бр.2 1000 Скопје
Тел.02/3223-146; 3223-101; 3215-463; 046/789-428
info@tourismmacedonia.gov.mk
www.tourismmacedonia.gov.mk; www.macedonia-timeless.com

бројот на туристите, како домашни така и странски. Со проектите ќе бидат опфатени најразлични видови на туризам што ќе допринесе за збогатување на промоцијата на туризмот и угостителството и зголемување на остварените финансиски резултати во туристичкиот сектор”- изјави Деканот на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет “Гоце Делчев”-Штип, проф.д-р Нако Ташков .

И. Сара Трајковска